Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 144/0306
25.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ - Скопје ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „ИНТЕГРА: Непримерен притисок врз јавноста со ЛГБТ + медиумски кампањи“, објавен на 11 април 2023 на интернет-порталот А1ОН.мк, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 11 мај 2023 година, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје поднесе жалба за содржина со наслов „ ИНТЕГРА: Непримерен притисок врз јавноста со ЛГБТ+ медиумски кампањи “, објавена на 11 април 2023 на интернет-порталот А1он (a1on.mk). Во жалбата се наведува дека во содржината се прекршени членовите 3 и 4 од Кодексот, односно има прекршувања по основ на говор на омраза и дискриминација.

Во жалбата се наведува дека „ Во случајов станува збор за пренесување на соопштение на политичката партија Интегра кое содржи говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето, т.е. говор на омраза и дискриминација врз основа на сексуална ориетација и родов идентитет. Без разлика што се работи за „туѓо“ соопштение, преку неговото пренесување медиумот шири говор на омраза и дискриминација.

Во соопштението ЛГБТИ луѓето се прикажани како извитоперени, зли, неприродни, противправни, дека се зло кое треба од корен да се сотре. Говорот во соопштението е школски пример за говор на омраза кој треба да се ограничи во демократски општетства.

Согласно Кодексот, Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...). Во овој случај се работи за директно пренесување и овозможување на платформа за ширење на говор на омраза.

Соопштението е пренесено без критички став, осуда или какво било врамување на говорот на омраза.“

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со А1ОН.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

А1он одговори на жалбата и се изјасни дека: „Во однос на наведеното мислење на Коалицијата, познато е дека се работи за постојан обид да се наметне цензура со секојдневни жалби за било каков текст кој се однесува против ЛГБТ заедницата. А1он пренесува соопштение на партија и тоа ќе го прави и во иднина без да бара мислење од невладини организации како треба да известува. Секој став за нас е важен. Во конкретниов случај нема повик на насилство, има квалификации кои секојдневно можат да се слушнат и за разни групи во општеството, но секогаш е проблематично само ако се однесуваат на ЛГБТ заедницата. А1он не секогаш се согласува со ставовите кои се искажани, но тоа не значи дека нема да ги

пренесеме на јавноста.  Сугерираме во иднина да се престане со праксата на наметнување цензура и изедначување на медиумите со ставовите кои се објавуваат како што тоа се бара во случајов“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека има прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 26 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата по долга расправа констатира дека во случајов станува збор за пренесување на јавна комуникација од страна на политичката партија ИНТЕГРА кон американската амбасада во вид на соопштение преку медиумите, во која комуникација се содржи говор на омраза кон одредена група на граѓани, и со тоа комисијата заклучи дека е прекршен Кодексот во членот 10 кој гласи: Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова,социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…) и насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

10.1.Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

10.2.Кога известуваат за проблемите на различните групи и заедници во општеството, онлајн медиумите ќе пристапуваат крајно внимателно, ќе употребуваат коректна и стандардизирана терминологија и нема да употребуваат навредливи коментари или изрази со кои несвесно ќе ги создаваат или ќе ги засилуваат стереотипиите за нив.

10.3. Онлајн медиумите ќе се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него. Онлајн медиумите ќе создаваат

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи.

10.5.Во исклучителни случаи на екстремен говор на омраза од поединци или групи, обврска на онлајн медиумот е да ги критикува јавно нивните ставови нагласувајќи ги штетните последици од нив за пошироката заедница и за групите кон кои се изречени.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595